

ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

# КУЛТУРНИ НАСТАНИ СКОПЈЕ '91

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА „СКОПЈЕ“
ДАУТ ПАШИН АМАМ

ДЕКЕМВРИ 1991

Вложувајќи максимум усилби со привлечноста и ексклузивноста на сопствените програми за работа и со својот постојан стремеж да биде носител на синтезата на програмите за работа на многубројните културни организации и институции, и тоа без да го наруши нивниот интегритет и нивната самостојност, Културно-просветната заедница на Скопје беше постојано во средиштето на културиот и општествениот живот во градот.




Освен традиционалните активности, спроведувани на високо и квалитетно организациско и програмско ниво, Културно-просветната заедница на Скопје особено внимание им посветуваше на вонредните програмски обврски што се од посебен општествен интерес, а што бараат најадекватен приод кон содржината и формата на она што се презентира. И на овој план се остварени значајни резултати, а неколку проекти имаат оставено траен белег на културното живеење на Градот.

Концептот на програмата содржи елементи на естетска мултидисциплинарност и територијална – просторна опфатеност на голем број простори во подолг временски интервал.

Во оваа програма се опфатени, музичката уметност, рок, поп и сериозна музика, фолклорното творештво, театарската, филмската и ликовната уметност, профилирана така да ги задоволи како генерациските така и естетските интереси и вкусови.

Скопското културно лето, што го надградува и квалитетно го збогатува културното поднебје на нашиот главен град, на граѓаните, гостите и туристите им овозможува богати програмски содржини од областа на музиката, фолклорот, филмот, ликовната, театарската и балетската уметност, презентирани во повеќе отворени или затворени простори што во долгите топли, летни денови и вечери го збогатуваат скопското секојдневие и добија висока оцена од јавноста, така што сѐ повеќе е присутна размислата „летото“ да продолжи со идентични активности во текот на целата година.

Почитувајќи го интересот на граѓаните за висококвалитетни, ексклузивни и отворени програми, а со желба за збогатување на културното живеење Новата година се прославува со заеднички дочек на градскиот плоштад.

Програмата е така концепирана да ги задоволи различните естетско-културолошки афинитети на повеќе генерации и најразлична структура на посетители во период од неколку дена пред Новата година, во функција на создавање на попријатна, предпразнична и празнична атмосфера.

Оваа изложба е со документарен карактер и нема за цел да го претстави целокупното културно живеење во Скопје во 1991 год., туку дел од програмите што Културно-просветната заедница на Скопје ги организираше под покровителство на Собранието на град Скопје, а во соработка со другите куќи од областа на културата и кои од јавноста се оценети како високо квалитетни.

Фотографијата е медиум кој најдлабоко е навлезена во порите на нашата цивилизација.

Посебно таа експанзија се прошири во последното десеттолетие кога со сеопшто автоматизирање на технологијата, електрониката, компјутерите ја презедоа на себе комплетната обработка на фото материјалите.

Тоа овозможи фотографијата да стане најдемократски медиум, чист медиум каде оној кој снима е потполно ослободен од обврската да изучува „занает“ туку од самиот почеток и се посветува на чистата креација.

Таква лабораторија која е подготвена да ги обработи професионалните и аматерските фотографии за помалку од еден час е и Мини лабораторијата „1 час“ која е опремена со најсовремена технологија. Нејзините капацитети овозможуваат изработка и до три илјади фотографии на час од најмал формат, па се до формат 30 × 40 см.

Во своето работење оваа лабораторија ги опслужува најголем дел од професионалните фотографи од Скопје, но исто така преку, спонзорство, зема активно учество во ширењето на фотографијата во Македонија во соработка со „Народна техника на Македонија“.

Соработката со Културно-просветната заедница на Скопје заедно со Претпријатието за пропагандни услуги „Алеко“ ги дадоа серијата изработени документарни фотографии и албуми од манифестациите кои беа организирани во 1991 год.

Фотографиите прикажани на оваа изложба кои се направени во лабораторијата „1 час“ се една селекција од нив.

Претпријатието за пропагандни услуги „Алеко“, е млада агенција која се занимава со пропаганда, фотографски и графички услуги.

Принципот на работење е преку соработка со авторите од соодветните струки да овозможи брз и квалитетен одговор на барањата од областа на фотографијата и графичката обработка.

Кондев Александар, основачот на ова претпријатие, е фотограф кој се занимава со професионална фотографија дваесетина години, а исто и автор на повеќе изложби на уметнички фотографии, кои беа изложувани во земјата и странство. Фотографијата му е животна определба, и затоа покрај професионалниот ангажман, се занимава и со некомерцијална фотографија, односно авторска фотографија.

Соработката со Културно-просветната заедница на Скопје е дел од тој некомерцијален ангажман, поттикнат од сознанието дека фотографијата е единствен вистински сведок кој останува зад секоја културна манифестација. Добрата фотографија која ќе ја пренесе атмосферата на настанот е најубавиот подарок на сите оние кои сторија сé на нашиот град да му подарат 365 дена култура во овие бурни години.

Како треба да се сорботува, колку е плодна слободата на изразувањето на еден настан, ширината на темата, предизвикот на публиката, сложеноста и проблемите на организација, на свој начин е синтетизирано во овие фотографии.

Можеби сме на трагата да го откриеме патот по кој треба да се оди во соработката во културата, каде на општо задоволство, на економичен и квалитетен начин се доаѓа до високи резултати.

Оваа изложба е најдобар сведок за тоа.



ИЗДАВАЧ: Културно-просветна заедница на Скопје
За издавачот: Мирко Стефаноски
Организација на изложбата: Ната Кецкаровска
Александар Кондев
Печати: НИП „Нова Македонија“ – РЕ Печатница, Скопје
Тираж: 1000 примероци